ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**

Апелационен суд Скопје, сметката на основен буџет (603) за 2020 година.

**Предмет на ревизија:**

Ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност.

**Цел на ревизијата:** Дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања и дали активностите, финансиските трансакции и информациите во истите се во согласност со законската регулатива.

**Клучни утврдени состојби:**

- не се применуваат во целост пишаните интерни процедури за редовна и целосна сметководствена контрола;
- неевидентирани обврски кои се однесуваат на известувачкиот период, односно во периодот кога настанале и
- нецелосно спроведен попис на обврските.

**Издадено мислење/заклучок*:** 🟢🟢

Изразивме поволно мислење за вистинитоста и објективноста на финансискиот извештај, како и за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставени политики изразивме мислење без резерва.

**Клучни препораки:**

-целосна примена на интерните процедури и функционирање на системот на внатрешни контроли;
-редовно и навремено евидентирањето на обврските спрема добавувачите и
-целосна примена на правилата за вршење попис на обврските од страна на пописната комисија за утврдување на правниот основ, потеклото, старосната структура и причините за неизмирените обврски.

**Клучна системска слабост:**

Различно уредување на начинот на пресметка на додатокот за работното искуство со одредбите на Законот за платите на судиите и Законот за судската служба.

**Добиени забелешки на нацрт Извештај:**
Не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

**Одговор на добиени забелешки:**

/

* 🟢 **позитивно,** 🟡 **со резерва,** 🔴 **неповолно,** ⚫ **воздржување**

ул. Павел Шатев бр.2, Палата „Емануел Чучков", П. Фах 249, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata „Emanuel Çuçkov", rr. Pavel Shatev nr.2, Fax P. 249, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Pavel Shatev Str.2 Palata Emanuel Cuckov, P.O. Box 249, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262 www.dzr.mk dzr@dzr.gov.mk